„,Ќе му го дадам ова знаме на човек кој ги сака Аллах и Неговиот Пратеник, и Аллах ќе му даде победа од неговите раце.‘

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува, дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, на денот кога се случила битката на Хајбер рекол: „,Ќе му го дадам ова знаме на човек кој ги сака Аллах и Неговиот Пратеник, и Аллах ќе му даде победа од неговите раце.‘ Омер бин Хатаб рече: ‚Само на тој ден посакував да бидам предводник, се истакнав надевајќи дека ќе бидам повикан.‘ Потоа додаде: ‚Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, го повика Али бин ебу Талиб, му го даде знамето и рече: Оди и немој да се свртуваш сè додека Аллах не ви даде победа‘. Кажа: Али отиде малку, а потоа застана без да се сврти, и извика: ‚О, Аллахов Пратенику, за што да се борам со луѓето?‘ Тој одговори: ‚Бори се со нив додека не сведочат дека нема друг бог освен Аллах и дека Мухамед е Аллахов Пратеник. Ако го направат тоа, ќе им се поштеди нивниот живот и нивното богатство ќе биде сигурно, освен кога правото бара поинаку, а нивната пресметка е кај Аллах.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, алејхи селам, ги информирал асхабите за победата на муслиманите над евреите од Хајбер – град во близина на Медина, која ќе се случи следниот ден. Оваа победа ќе биде преку човек кому ќе биде дадено знамето, а тоа е знамето што војската го користи како свој симбол. Една од карактеристиките на овој човек е таа дека тој го сака Аллах и Неговиот Пратеник, а Аллах и Неговиот Пратеник го сакаат него. Омер бин Хатаб, радијаллаху анху, спомна дека не го сакал лидерство и не посакувал да биде предводник, освен тој ден; Надевајќи се дека ќе се исполни она што Пратеникот, алејхи селам, го спомнал за љубовта кон Аллах и Неговиот пратеник, Омер, радијаллаху анху, го издолжи своето тело за да го види Пратеникот, алејхи селам, надевајќи се дека ќе биде повикан, посакувајќи да го земе тоа знаме. Пратеникот, алејхи селам, го повикал Али ибн ебу Талиб, радијаллаху анху, и му го дал знамето, и му наредил да се движи со војската и да не отстапи од борбата по средбата со непријателот, да не се одмара, застане ниту да прифати примирје додека Аллах не им даде победа и триумф. Али, радијаллаху анху, тргнал, па застанал, но не се свртел, за да не биде непослушен кон заповедта на Пратеникот, алејхи селам. Али, радијаллаху анху, повика: „,О Божји Пратеник, за што да се борам со луѓето?‘ Пратеникот, алејхи селам, рече: ‚Бори се со нив додека не посведочат дека нема бог освен Аллах и дека Мухамед е Аллахов Пратеник. Ако се одsвијат и влезат во исламот, нивната крв и имотот ви се забранети, освен заради правдата, што значи освен ако не направат кривично дело или убиство заради кое заслужуваат да бидат убиени според верозаконот, а нивната пресметка е кај Аллах.‘“

